Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **31.10.2016** година ја донесе следната:

**Програма**

за спорт , рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2017 година

Во оваа програма на предлог на градоначалникот се опфатени сите активности во областа на спортот и културата во општина Василево при што средствата ќе бидат обезбедени Буџетот на општина Василево.

**член 1**

Приходите потребни за извршување на оваа програма ќе бидат обезбедени од:

1. Основниот буџет на општина Василево средства во висина од 4.440.000 ден. **и**

**член 2**

Л00. Програма спорт и рекреација

Трошоците за извршување на наведената програма се:

- ✓ Велигденски турнир во мал фудбал каде се потребни средства од 150.000 ден.
- ✓ Манифестацијта ден на празот што се одржува како традиција од 200.000 ден.
- ✓ Маршот за Варварица по повод денот на формирањето на НОО од 50.000 ден.
- ✓ Ден на општината 16 Декември средства во висина од 100.000 ден.
- ✓ Меморијален турнир во мал фудбал во с.Пиперево 25.000 ден.
- ✓ Турнир во мал фудбал по повод празникот во Чанаклија 20.000 ден.
- ✓ Турнир во мал фудбал во с.Ангелци 100.000 ден.
- ✓ Турнир во мал фудбал во с.Седларци 50.000 ден.
- ✓ Турнир во одбојка во Сушево по повод празникот М.Богородица 20.000 ден.
- ✓ Турнир во одбојка во с.Нова Маала по повод празникот Г.Богородица 25.000 ден.
- ✓ Турнир во кошарка во с.Владиевци по повод верскиот празник Г.Богородица 40.000 ден.
- ✓ Турнир во трка на коњи во Василево по повод Ѓурѓовден 10.000 ден.
- ✓ Натпревар во стрелаштво по повод денот на ловот 20.000 ден.
- ✓ Новогодишен и божиќен турни по повод божиќните празници од: 200.000 ден.
- ✓ Манифестација 19-Јули ден на напредната младина во с.Радичево од: 5.000 ден.
- ✓ Натпревар во влечење на трупци во с.Василево по повод празникот Водици 20.000 ден.
- ✓ Учество на карневалски настани 200.000 ден.
- ✓ Средства за стимулација и наградување на талентирани спортисти 100.000 ден.
- ✓ Турнир во мал фудбал „ Илинден„ Радичево 30.000 ден.
- ✓ Курбан Бајрамски турнир во фудбал во с.Градошорци 25.000 ден.
- ✓ Ѓурѓовденски средби- с.Едерниково 100.000 ден.
- ✓ Други манифестации кои се одржуваат во општина Василево од: 100.000 ден.

Вкупно: 1.590.000 ден.

Во текот на годината потрбени ни се средства за субвенционирање на спортските клубови во нашата општина и тоа за:

- ✓ Фудбалски клуб од Василево средства во висина од: 2. 000.000 ден.
- ✓ Одбојкарскиот клуб од с.Сушево средства во висина од: 250.000 ден.
- ✓ Фудбалски клуб „Единство'' од с.Пиперево 200.000 ден.
- ✓ Сите спортски клубови во сите населени места во општината од: 100.000 ден.
- ✓ Училишен спорт 200.000 ден.

Вкупно: 2.750.000 ден.

Во текот на годината за спроведување на оваа програма ќе имаме потреба од ангажирање на надворешни лица за спреведување на сите манифестации во текот на годината средства во висина од:  **100.000 ден.**

**член 3**

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1978/1 | Совет на општина Василево |
| 01.11..2016г. | Претседател, |
| Василево | Драги Митев  с.р. |